VOLVO

# Договор за услугата интелигентна адаптација на брзината

Овој договор за услугата интелигентна адаптација на брзината (во натамошниот текст „**Договорот**“) се применува за Услугата (како што е дефинирано подолу) што на Купувачот ја пружа Volvo Truck Corporation, компанија која е основана според законите на Шведска (во натамошниот текст **„VOLVO TRUCKS“).**

Верзијата на овој Договор што се применува помеѓу VOLVO TRUCKS и Купувачот ќе биде верзијата што важи од датумот на регистрација на возилото во гаранцијта во релевантниот систем на VOLVO TRUCKS и ќе биде национална верзија што се применува во земјата каде што Возилото ќе биде прв пат регистрирано за работа. .

## 1. <u>Предмет на договорот</u>

1.1. Во согласност со одредбите и условите на овој Договор и со оглед на плаќањето од страна на Купувачот на цената, VOLVO TRUCKS ги обезбедува услугите опишани во член 2 подолу **(„Услугата“)** за соодветното возило („**Возилото**“) за кое услугата е избрана (купена) согласно Договорот. Услугата може да се купи или како вклучена при преземањето или закупот на Возилото (во кој случај ќе биде наведена во спецификацијата на возилото) или да се нарача одделно во согласност со постапката на нарачување утврдена од страна на VOLVO TRUCKS.

1.2. Се смета дека Купувачот го прифатил Договорот кога го нарачал возилото или услугата во зависност од случајот.

## 2. <u>Услуги</u>

2.1. Интелегентна адаптација на брзина /Intelligent Speed Assist/ (Услугата”)

е систем кој активно ја следи брзината на возилото и го предупредува возачот кога ќе се пречекори ограничувањето на брзината наведена на сообраќајниот знак на патот, за да го поттикне да ја намали брзината.

2.2. Услугата е наменета само како помош за возачот на Возилото. Тоа не го ослободува возачот од одговорноста да ги разбере и почитува сите применливи ограничувања или ограничувањата на брзината на патот. Препознавањето на сообраќајните знаци на патот може да не успее да ги открие сообраќајните знаци на патот и може погрешно да ги чита сообраќајните знаци на патот.

2.3. Услугата ќе работи правилно само кога софтверот на Возилото е современ. Кога е достапно ажурирање на софтверот, треба да се инсталира без непотребно одложување.

2.4. Дополнителните информации за правилната употреба на Услугата се достапни во применливиот Прирачник за возачот.

2.5. VOLVO TRUCKS може да изврши каква било промена за пружање на Услугата која е потребна со цел усогласување со кои било применливи безбедносни, законски или регулаторни барања или додадена функционалност; или кое суштински не влијае на квалитетот или изведбата на Услугата.

## 3. <u>Цена и плаќање на Услугите</u>

3.1. Купувачот ја плаќа цената на услугата за секој одделен случај:

(i) или како дел од цената на шасијата за Возило доколку е соодветно дефинирана во спецификацијата на возилото како што е предвидено од страна на VOLVO TRUCKS, или

(ii) како плаќање однапред за однапред платен период на претплата; или

(iii) месечни плаќања според фактура

3.2. Цената (ако не е вклучена во цената на шасијата) е наведена во соодветниот ценовник издаден од страна на VOLVO TRUCKS.

3.3. Сите плаќања што треба да ги изврши Купувачот според Договорот ќе бидат целосно извршени без каков било еднostран акт за наплата на побарувања, ограничување или услов и без никакво одбивање за или на сметка

на кое било противбарање.кон VOLVO TRUCKS или друга таква компанија која припаѓа на компании на AB Volvo Group во секој случај како што ќе одлучи VOLVO TRUCKS.

3.4. Покрај цената, Купувачот ја плаќа цената за надградба на софтверот и/или хардверот потребни за функционирање на Услугата, вклучувајќи но не ограничувајќи се на телекомуникациската опрема.

3.5. Доколку некоја сума што се плаќа според Договорот не се плати при доспевање, тогаш, без да се нарушат другите права на VOLVO TRUCKS според Договорот, во таа сума се пресметува и камата од датумот на доспевање до целосното плаќање, пред и по која било пресуда, по стапка која е еднаква на Стокхолмската меѓубанкарска каматна стапка (STIBOR) за 3 месеци.

## 4. Посебни услови за претплати за одреден рок

4.1. Доколку услугата е вклучена во цената на шасијата на возилото, рокот на Услугата ќе биде 7 години од датумот на регистрација на возилото во гаранцијата во соодветниот систем на VOLVO TRUCKS.

4.2. За Услугата каде што има договорено плаќање однапред за период на претплата однапред, важат следниве услови:

(i) Периодот на плаќање однапред е дефиниран во спецификацијата на возилото или на друг начин од страна на VOLVO TRUCKS кога услугата е купена.
(ii) Периодот на претплата започнува автоматски кога Возилото ќе почне да се користи.
(iii) За време на периодот на претплата однапред, нема да се врши рефундирање доколку Купувачот ја прекине услугата.
(iv) Кога ќе истече период на претплата однапред, овој Договор автоматски ќе се раскине.

(v) Горенаведеното, меѓутоа, нема да влијае на обврската на VOLVO TRUCKS да изврши поврат на парите во согласност со член 7.6. (iii) подолу.

4.3. Во текот на прериодот на одредениот рок, претплатите нема да се фактурираат за возилото на Купувачот.

## 5. Информациски системи

5.1. Купувачот знае дека возилата што компанија ги произведува, испорачува или продава на пазарот во рамките на Volvo Group се опремени со еден или повеќе системи што можат да прибираат и меморизираат информации за возилото („**Информациски системи**“), вклучувајќи, но не ограничувајќи се на информации што се однесуваат на состојбата и перформансите на возилото, како и информации што се однесуват на работата на возилото (заедно, „**Податоци за возилото**“). Купувачот се согласува на никаков начин да не ја попречува работата на Информацискиот систем.

5.2. Без обѕир на какво било раскинување или истекување на овој Договор, Купувачот потврдува и се согласува дека VOLVO TRUCKS може: (i) да пристапи до информациските системи во секое време (вклучувајќи и далечински пристап); (ii) да прибира податоци за возилото; (iii) да ги меморизира податоците за возилата во системите на Volvo Group; (iv) да ги користи податоците за возилото со цел обезбедување услуги на Купувачот, како и за свои внатрешни и други разумни деловни цели; и (v) да ги споделува податоците за возилото во рамките на Volvo Group и со избрани трети страни.

5.3. Купувачот обезбедува секој возач или кој било друг поединец овластен од Купувачот да управува со возилото: (i) да разбере дека VOLVO TRUCKS може да ги прибира, меморизира, користи, споделува или на друг начин обработува личните информации што се однесуваат на нив; и (ii) да е упатен или да добие копија од применливото известување за приватност на Volvo Group (достапно на https://www.volvogroup.com/en-en/privacy.html).

5.4. Купувачот се согласува писмено да го извести VOLVO TRUCKS доколку го продаде или на друг начин ја пренесе сопственоста на Возилото на трета страна.

## 6. Договор за управување со податоци

6.1. Купувачот потврдува дека Договорот за управување со податоци, приложен овде како Анекс 1, и достапен на следната веб-страна http://tsadp.volvotrucks.com/, е составен дел на овој договор и се согласува одредбите на тој договор да се применуваат за која било обработка на податоци според овој Договор.

## 7. Времетраење и раскинување

7.1. Времетраењето на овој Договор започнува од датумот кога возилото е пуштено во сообраќај, услугата е активирана или од датумот на регистрација на возилото во гаранцијата во соодветниот систем на VOLVO TRUCKS (што и да се случи прво).

7.2. Договорот останува на сила во текот на соодветниот период за кој е договорен фиксен рок и може поинаку да се раскине од страна на VOLVO TRUCKS или од Купувачот со известување до другата страна два месеци однапред. Договорот ќе се раскине на крајот на календарскиот месец во кој возилото е одјавено..

7.3. Договорот автоматски се раскинува доколку Купувачот ја пренесе сопственоста на Возилото на трета страна.

7.4. VOLVO TRUCKS може да го раскине Договорот со моментално дејство ако Купувачот суштински го прекрши Договорот или во случај на несолвентност, банкрот, каков било договор со своите доверители или каков било друг договор или ситуација што има слично дејство.

7.5. Неплаќањето од страна на Купувачот на која било сума што ја должи според овој Договор е суштинско прекршување што му дава право на VOLVO TRUCKS веднаш да го раскине овој Договор..

7.6. Ако овој договор истече или се раскине, по датумот на истекување или раскинување ќе се применува следново:

(i) Раскинувањето на Договорот без оглед на тоа како настанало, не доведувајќи ги во прашање правата, должностите и одговорноста на Купувачот или на VOLVO TRUCKS стекнати пред раскинувањето. Условите кои изрично или имплицитно може да имаат дејство по раскинувањето ќе останат на сила без обѕир на раскинувањето;

(ii) По раскинување на Договорот од која било причина, Купувачот нема да има право на рефундирање на која било суми платена според овој Договор, а Купувачот веднаш ќе ги плати на VOLVO TRUCKS сите суми што доспевале според овој Договор;

(iii) VOLVO TRUCKS, меѓутоа, му надоместuva на Купувачот во случај на однапред платен договор за фиксен период, доколку VOLVO TRUCKS суштински го намали опсегот на Услугите во текот на тој временски период. Надоместокот во тој случај ќе биде пропорционално на намаленото користење на Услугите во текот на преостанатиот период и исклучува секоја друга компензација на Купувачот, како што се трошоци, расходи и штети за изгубен бизнис и загуба на профит.

## 8. Општи надлежности и обврски на Купувачот

8.1. Купувачот обезбедува секој вработен или друго лице кое управува со возилото, или ги користи Услугите, да се придржува кон овој Договор и кон сите упатства и препораки наведени во условите за користење на Услугите и корисничките упатства на VOLVO TRUCKS во однос на Услугата.

8.2. Купувачот гарантира дека тој е сопственик или на друг начин има право на располагање со возилото.

8.3. Услугите ги пружа само VOLVO TRUCKS во однос на возилото ако VOLVO TRUCKS ја примил уплатата за Услугата во согласност со овој Договор и ако Купувачот ја има набавено целата опрема и софтвер потребни за користење на Услугите.

## 9. Ограничувања на обврска

9.1. Следниве одредби од овој член го одразуваат опсегот на Договорот и цената на Услугите.

9.2. Вкупната максимална обврска на VOLVO TRUCKS според овој Договор за побарувања што произлегуваат во секој календарски квартал (без разлика дали се работи за договор, деликт, небрежност, закон, реституција или друго) не надминува 100% од сумата платена согласно Договорот во календарскиот квартал во кој настанало побарувањето.

9.3. VOLVO TRUCKS нема да биде одговорен (или да се работи за договор, деликт, небрежност, статут или на друг начин) за каква било загуба на добивка, загуба на бизнис/деловна активност, потрошено време за управување или трошоци за реконструкција или враќање на податоци без разлика дали таквата загуба настанала директно или индиректно и дали VOLVO TRUCKS ја знаел или не за својата можност или за какви било последователни или индиректни загуби.

9.4. VOLVO TRUCKS со ова целосно ги исклучува со закон дозволени, сите услови, гаранции и одредби, искажани (освен оние наведени во Договорот) или претпоставени, законски, вообичаени или на поинаков начин, кои, без таквото исклучување, може или би можеле да постојат во полза на Купувачот.

## 10. Виша сила

10.1. VOLVO TRUCKS нема да сноси одговорност пред Купувачот за неисполнување или доцнење или за последиците од какво било неисполнување или доцнење во извршувањето на Договорот, доколку тоа се должи на кој било настан надвор од разумната контрола и размислување на VOLVO TRUCKS, вклучувајќи, без ограничување, даватели на услуги од трети страни (вклучувајќи, но не ограничувајќи се на оператори на мобилни мрежи за пренос на податоци), Божји дела, војна, индустриски спорови, протести, пожар, бура, експлозија, акт на тероризам и национални вонредни ситуации и VOLVO TRUCKS ќе има право на разумно продолжување на рокот за извршување на такви обврски.

## 11. Известувања

Волво испраќа известувањето до Купувачот или преку порака од Volvo Connect или на е-поштата или на редовната поштенска адреса регистрирана од страна на Volvo за Купувачот. Volvo може да испраќа известувања преку овластен продавач. Известувањата до Volvo се испраќаат или на адресата што Volvo ја навел кога ја давал услугата или на функцијата за поддршка на пазарот каде што работи Купувачот како што е наведено на volvoconnect.com/support.

## 12. Разно

12.1. Времето за извршување на сите обврски на VOLVO TRUCKS не е од суштинско значење.

12.2. Доколку за кој било услов или дел од Договорот, кој било суд, трибунал, административен орган или орган од надлежна јурисдикција утврди дека е незаконски, неважечки или неспроведлив, тогаш таа одредба, до степенот што се бара, ќе биде исклучена од Договорот и ќе биде без дејство, без, колку што е можно, измена на која било друга одредба или дел од Договорот и тоа нема да влијае на другите одредби од Договорот кои ќе останат во полна сила и дејство.

12.3. Никакво неисполнување или доцнење од страна на VOLVO TRUCKS во остварување на кое било право, овластување или правен лек нема да се смета како откажување од тоа, ниту кое било делумно остварување нема да спречи какво било понатамошно остварување на истото или на кое било друго право, овластување или правен лек.

12.4. VOLVO TRUCKS може да ги измени или дополни одредбите и условите на овој Договор со известување до Купувачот три месеци однапред.

12.5. Договорот е личен за Купувачот кој не може да ги отстапи, пренесе, лиценцира, довери или поддоговора сите или кои било негови права или обврски според Договорот без претходна писмена согласност од VOLVO TRUCKS.

12.6. Договорот ги содржи сите услови што VOLVO TRUCKS и Купувачот ги договориле во врска со Услугите и ги заменува сите претходни писмени или усни договори, застапувања или договори меѓу страните што се однесуваат на такви Услуги.

## 13. Применливо право и решавање спорови

13.1. Овој Договор се регулира и толкува во склад со шведскиот закон, без оглед на неговите начела за судир на закони.

13.2. Секој спор, несогласување или побарање што произлегува од или е во врска со овој Договор, или неговото прекршување, раскинување или неважење, прво се упатува на Медијација во согласност со Правилата на Институтот за медијација на Стопанската комора на Стокхолм, освен ако некоја од страните приговара. Ако една од страните се противи на медијацијата или ако медијацијата се прекине, спорот конечно се решава со арбитража во согласност со Правилата на Арбитражниот институт на Стопанската комора на Стокхолм. Арбитражната постапка се води на англиски јазик. Местото на арбитража е Гетеборг, Шведска. Меѓутоа, VOLVO TRUCKS има право по свое сопствено убедување да се обрати до националните судови во врска со прашања на правата на индустриска сопственост, како што се патенти, заштитен знак и индустриски тајни.